Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

– Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор –

Врз основа на член 49 став 1, член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 96/19 и 110/19 и 121/24) и член 27 од Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 255/2024), министерот за финансии донесе

# ПЛАН ЗА ОБУКА ЗА ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА ЗА 2026 ГОДИНА

## 1. ЦЕЛ И ОПФАТ НА ПЛАНОТ

"Планот за обука за финансиско управување и контрола" има за цел, преку соодветна едукација на вработените, да даде придонес за заголемување на ефикасноста и ефективноста при воспоставување, спроведување и одржување на системот на внатрешна финансиска контрола кај јавните субјекти.

Со овој Планот се опфаќаат раководителите и лицата вклучени во координација на развојот на системот за финансиско управување и контрола, со цел да се зајакнат капацитетите на јавните субјекти за користење на буџетските и други средства на соодветен, етички, економичен, ефективен и ефикасен начин во остварувањето на целите, со што ќе се обезбеди усогласување со законите и другите прописи и зачувување на ресурсите од загуба, злоупотреба и штета.

Имајќи ја предвид улогата на внатрешната ревизија, како независна, објективна и советодавна услуга дизајнирана да додаде вредност и да го подобри работењето на субјектот, која воедно му помага на субјектот да ги оствари своите цели со воспоставување систематски, дисциплиниран пристап за оценување и подобрување на ефективноста на процесите за управување со ризикот, контролата и управувањето, а која претставува клучна компонента во рамки на поширокиот систем на финансиско управување и контрола, со овој план се опфаќаат и вработените во единиците за внатрешна ревизија кај јавните субјекти.

## 2. ФИНАНСИРАЊЕ

Обуките планирани со овој План ќе се реализираат од буџетските средства кои се предвидени за оваа намена, односно од Буџетот на Министерството за финансии и од средства од буџетот на проектот финансиран од ЕУ "Поддршка за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии" кој тековно се спроведува во Министерството за финансии.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk

– Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор –

## 3. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИТЕ

Обуките предвидени со овој План ќе се организираат од страна на Министерството за финансии, преку Секторот – Академија за јавни финансии, а ќе се спроведуваат од страна на Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор. Дополнително, во реализацијата на обуките ќе бидат вклучени и меѓународни експерти ангажирани во рамки на проектот финансиран од ЕУ "Поддршка за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии", со цел пренесување на најдобрите европски практики и искуства.

Обуките ќе се реализираат преку комбиниран пристап, односно со физичко присуство и/или онлајн, со користење на соодветни алатки и платформи кои се на располагање. Изборот на начинот на реализација ќе зависи од природата на обуката, целната група, како и од техничките и организациските услови, со цел обезбедување максимална ефикасност и достапност.

При спроведувањето на обуките ќе се применуваат интерактивни методи на учење, вклучувајќи презентации, студии на случај, практични вежби и дискусии, со цел поттикнување на активно учество и подобро разбирање на материјата од страна на учесниците.

## 4. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ОБУКИ

Обуките од табеларниот преглед кои ќе се реализираат со финансиски средства од Буџетот на Министерството за финансии, веќе се испланирани со Годишната програма за обука во областа на јавни финансии за 2026 година на Секторот Академија за јавни финансии, број 26-634/1 од 16.02.2026 година.

Дополнително, обуките кои ќе се спроведуваат со поддршка на проектот финансиран од ЕУ "Поддршка за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии" се предвидени со вториот Привремен извештај за напредокот (Interim Progress Report 2) на проектот, и истите ќе се организираат како ад-хок (непланирани) обуки преку Секторот Академија за јавни финансии.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria

– Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор –

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ОБУКИ

| Р. Бр. | Тема на обука | Целна група | Период на одржување | Финансиски средства | Коментар |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Управување со ризици | Раководители и вработени во единиците за финансиски прашања / Координатори за управување со ризици | 2026 година | МФ | Оваа обука ќе се повторува неколку пати во текот на 2026 година[1] |
| 2 | Внатрешна ревизија – основно ниво | Внатрешни ревизори со помало работно искуство во единиците за внатрешна ревизија/нововработени внатрешни ревизори во јавен сектор | Втора половина на 2026 година | МФ | Оваа обука, по потреба, ќе се повторува неколку пати во текот на 2026 година |
| 3 | Финансиско управување и контрола - практична Имплементација | Раководители и вработени во единиците за финансиски прашања | Втора половина на 2026 година | МФ | / |
| 4 | Пилот активност – Процес на управување со ризици во АД ЕСМ | Координатори за управување со ризици во АД ЕСМ | Прва половина на 2026 година | ЕУ Проект | / |
| 5 | Пилот активност – Ревизија на успешност | Внатрешни ревизори во единицата за внатрешна ревизија на АД ЕСМ | Прва половина на 2026 година | ЕУ Проект | / |
| 6 | Глобални стандарди за внатрешна ревизија | Раководители на Единици за внатрешна ревизија и внатрешни ревизори во јавен сектор | Прва половина на 2026 година | ЕУ Проект | Оваа обука се планира како дводневна, и ќе се одржи во две сесии (групи) |

[1] Со овие обуки ќе се опфати поголемиот дел од буџетските корисници од прва линија. Дополнително, планирано е да се одржи и посебна обука наменета за потребите на Министерството за финансии (МФ), која ќе се реализира во три сесии (групи):
- Првата сесија ќе биде наменета за координаторите за стратешки и оперативни ризици, како и за координаторите од одделните организациони единици во МФ.
- Втората сесија ќе биде наменета за високото раководство, како и за раководителите на организационите единици во МФ.
- Третата сесија ќе биде наменета за сите вработени во МФ.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

– Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор –

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Ревизија на успешност | Раководители на единиците за внатрешна ревизија и внатрешни ревизори во јавен сектор | Прва половина на 2026 година | ЕУ Проект | Оваа обука се планира како дводневна, и ќе се одржи во две сесии (групи) |
| 8 | Ex-post контроли | Раководители и вработени во единиците за финансиски прашања | Прва половина на 2026 година | ЕУ Проект | Оваа обука се планира како еднодневна и ќе се одржи во две сесии (групи) |

Архивски број: 18 – 1287/1
Датум: ____.____.2026 година
14-04-2026

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска - Кочоска

Изготвил: Бесар Дехари
Проверил/Одобрил: д-р Мите Митевски
Проверил: Јасмина Вукиќевиќ

Согласен: д-р Андриана Матлиоска


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk